2025

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ЗА ОСТВАРЕН ДОХОД ВО 2024 ГОДИНА

Регистрација, потврдување или коригирање на пополнетата годишна даночна пријава, утврдување и плаќање на годишен данок на доход за 2024 година

Подготвува и издава: Управа за јавни приходи
бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,
1000 Скопје
www.ujp.gov.mk
info@ujp.gov.mk

Дата на издавање: 02.01.2025 година

Уредници: Мухедин Авдиќ, Севдие Исмаили и Ема Смаиловиќ - Сектор за услуги на даночни обврзници и за даноци

Дизајн и припрема: Драгица Николоска - Сектор за дигитализација

Наслов: Потврдување на годишна даночна пријава за остварениот доход во 2024 година

ISBN: 978-608-4866-62-6
Бр: 08-18/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/2

**2025 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД....4

РЕГИСТРАЦИЈА НА Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ....6

ВИДОВИ ДОХОД КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД....7

КОЈ треба да ја потврди или коригира пополнетата годишна даночна пријава?....12

КОГА да ја потврдите или коригирате пополнетата годишна даночна пријава?....13

КАКО да ја потврдите или коригирате пополнетата годишната даночна пријава?....13

ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ДАНОЧНА ПРИЈАВА ....14

ПЛАЌАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ДОХОД....19

ИНФОРМА - ПРАКТИЧНО РЕШЕНИЕ ЗА СИТЕ ДАНОЧНИ ПРАШАЊА....20

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве упати како да се регистрирате на системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk** заради потврдување или коригирање на пополнетата годишна даночна пријава изготвена од страна на Управата за јавни приходи, за доходот кој како граѓанин (физичко лице - резидент на Република Северна Македонија) сте го оствариле во текот на 2024 година.

Со Законот за данокот на личен доход („Службен весник на РМ", бр.241/2018 и „Службен весннник на РСМ", бр.275/2019...274/22), Управата за јавни приходи изготвува пополнета годишна даночна пријава за сите граѓани - физички лица кои оствариле доход во текот на 2024 година.

УЈП пополнетата годишна даночна пријава (ДЛД-ГДП) ја доставува до граѓаните најдоцна до 30 април 2024 година преку системот e-ujp.ujp.gov.mk

Доходот кој како граѓанин го остварувате, во земјата и во странство, се оданочува со данок на личен доход (ДЛД).

За доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доход од права од индустриска сопственост, доход од закуп и подзакуп, доход од капитал, капитални добивки, доход од осигурување и друг доход данокот на доход се плаќа по стапка од 10% .

За доходот остварен од игри на среќа данок на доход се плаќа по стапка од 15%.

Доколку како граѓанин, во текот на 2024 година, сте оствариле доход по основ на плата, или доход од издавање под закуп на станбен објект (кирија) или сте оствариле хонорар по основ на авторски договор, понатаму сте учествувале во наградна игра и сте оствариле добивка над 5000 денари или пак сте оствариле добивка од посебни игри на среќа (во казино, во обложувалница, во автомат клуб), имате обврска податоците за доходот искажани во пополнетата годишна даночна пријава да ги:

- потврдите, доколку се точни или
- коригирате, дополнувајќи ја - доколку имате остварено доход кој не е искажан односно опфатен во неа и/или
- коригирате, доколку за некој од искажаниот доход увидите дека износот не е точен или вистинит

Управата за јавни приходи најдоцна до 30 април 2025 година, преку веб страницата http://ujp.gov.mk/mk/otvoreni_povici ќе ве извести за обврската да ги потврдите или коригирате податоците за остварен доход во УЈП.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА Е-ДАНОЧНИ УСЛУГИ

За да може УЈП да ја достави пополнетата годишна даночна пријава до 30 Април 2025 година на увид на граѓаните преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk**, како и за да можат граѓаните да ја исполнат својата законска обврска, односно да ја потврдат точноста или да ги коригираат податоците од пополнетата годишна даночна пријава преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** најдоцна до 31 мај 2025 година, потребно е навреме да се регистрираат на системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk**

**Кој има обврска да се регистрира на е-Даночни услуги?**
Обврска за регистрација на е-Даночни услуги има секој граѓанин (физичко лице) кое во текот на 2024 година остварил доход по било кој основ (плата, регрес за годишен одмор, доход од закуп, од добивки од игри на среќа, од странство и друг доход кој подлежи на оданочување со данокот на личен доход), заради прием на пополнетата годишна даночна пријава (ДЛД-ГДП), како и заради потврдување или коригирање на податоците за доходот и платениот данок на личен доход.

За подетални информации во врска со регистрацијата на **e-ujp.ujp.gov.mk** посетете ја Веб страната на УЈП односно превземете го Упатството за регистрација и доделување овластувања

## ВИДОВИ ДОХОД КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ОДАНОЧУВАЊЕ СО ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД

Доходот кој го остварувате, во земјата и странство, а кој подлежи на оданочување треба да се пријави во УЈП и тоа:

### Доход од работа

За доход од работа се смета доходот што сте ги оствариле по основ на плати и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност, надоместоци на трошоци од работен однос и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, користење на станбени згради или станови кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ, користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место, стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, без надоместок или по цена пониска од пазарната, пензии, примања од членување на органите на управување и на органите на надзор на трговските друштва, примања кои ги остварувате затоа што сте функционер, пратеник, советник или носител на јавна функција, или сте оствариле примања како професионален спортист (по основ на премии, трансфери и сл.), секој поединечно остварен доход врз основа на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица, пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано осигурување, придонеси во доброволен пензиски фонд уплатени од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност и надоместок за практиканска работа согласно Законот за практиканство).
Доходот може да биде исплатен во пари, бонови, парични потврди, акции, стоки или во некој друг облик кој има парична вредност.

Исплатувачот на доходот е должен пред исплатата на доходот (освен за плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност) до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка и при секоја исплата на доход да ви издаде примерок од пресметката за платениот данок на личен доход и придонеси.

За остварениот доход задолжително по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Доход од самостојна дејност

Доходот од самостојна дејност е доходот остварен од вршење на стопанска дејност, од давање на професионални и други интелектуални услуги, доходот од земјоделска дејност, од занаетчиска дејност и од други дејности чија трајна цел е остварување на доход. Како вршител на самостојна дејност должни сте најдоцна до 15 март 2025 година до Управата за јавни приходи и до Централниот регистар да ги доставите обрасците "Б" и "ДЛД-ДБ".
За остварениот доход задолжително по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Доход од авторски и сродни права

За исплатениот доход од авторски права (пр. остварувате доход од Агенции, врз основа на склучен договор за поседување и заштита на авторското право) исплатувачот на доходот е должен пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка и да ви издаде примерок од пресметката за платениот данок на личен доход. За остварениот доход задолжително по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Доход од продажба на сопствени земјоделски производи

За исплатениот доход од продажба на сопствени земјоделски производи од исплатувач кој води деловни книги, исплатувачот е должен пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-pdd.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка, а вие сте должни најдоцна до 31 мај 2025 година да ја потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

Ако пак сте оствариле доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица, надвор од продажни места на зелени пазари, покрај обврската да поднесете електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** до УЈП најдоцна до 10-ти во месецот за претходниот месец, задолжително по истекот на годината, најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

## Доход од права од индустриска сопственост

За исплатениот доход од права од индустриска сопственост (пр. склучите договор за користење на патентиран производ, договор за користење на трговска марка итн.), исплатувачот на доходот е должен пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка и да ви издаде примерок од пресметката за платениот данок на личен доход. За остварениот доход задолжително по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

## Доход од закуп и подзакуп

Ако од правно лице ви е исплатен доход од закуп и подзакуп, исплатувачот на доходот треба пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка, а вие сте должни најдоцна до 31 мај 2025 година да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава. Ако пак сте оствариле доход од закуп и подзакуп, во случај кога закупот на недвижниот имот (земјиште, станбен простор, гаража, простори за одмор и рекреација) го издавате на друго физичко лице, покрај обврската да поднесете електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** до УЈП најдоцна до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е склучен договорот или до 10-ти во месецот кој следи по месецот на издавање во случај кога времетраењето на договорот е пократко од 31 ден во еден месец, задолжително по истекот на годината, најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ги потврдите или коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Доход од капитал

За остварениот доход од капитал во 2024 година, како дивиденди и друг доход остварен со учество во добивката кај правните лица, камати од заеми дадени на физички и правни лица, камати од хартии од вредност или друг доход од хартии од вредност или финансиски инструмент, исплатувачот на доходот треба пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка, а вие сте должни најдоцна до 31 мај наредната година, да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во годишна даночна пријава.

### Капитални добивки

Доходот остварен од капитални добивки (од продажба или размена на недвижен имот, хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен или нематеријален имот), покрај тоа што сте имале обврска да ги пријавите во УЈП со поднесување на електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** најдоцна до 10-ти во месецот кој следи по месецот во кој е заверен договорот за купопродажба на нотар/извршена продажбата или е извршен упис на промената на сопственоста во трговскиот регистар/остварен доходот, имате обврска по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишната даночна пријава.

### Добивки од игри на среќа

Ако во 2024 година сте оствариле добивка од општите игри на среќа (наградни игри, лотарија и сл.) во износ поголем од 5.000 денари или пак сте оствариле добивка од посебни игри на среќа (во казино, во обложувалница, во автомат клуб) во пари, хартии од вредност, во натура, наградни патувања или во некој друг вид, приредувачот на игри на среќа е должен при исплата на добивката да ви издаде примерок од пресметката.
Вие задолжително треба по истекот на годината најдоцна до 31 мај наредната година, да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Доход од осигурување

Ако од правно лице ви е уплатена премија за животно и/или неживотно осигурување, премија за доброволно здравствено осигурување или пак

исплатена Ви е осигурена сума од осигурителна компанија по основ на осигурување на живот, исплатувачот на доходот треба пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на доход и ќе изврши исплата на нето доход на Вашата трансакциска сметка, а вие сте должни најдоцна до 31 мај 2025 година да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава.

### Друг доход

Ако од правно лице ви е исплатен „друг доход" кој не е набројан претходно, ниту е ослободен од обврска за оданочување, исплатувачот на доходот треба пред исплатата на доходот до УЈП да достави електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** по која ќе го плати данокот на личен доход и ќе изврши исплата на нето доходот на Вашата трансакциска сметка, а вие сте должни најдоцна до 31 мај 2025 година да ги потврдите или да ги коригирате податоците за доходот и платениот данок на личен доход во пополнетата годишна даночна пријава. Ако пак сте оствариле доход со електронска трговија преку специјализирани интернет страни, доход од интернет маркетинг услуги, покрај обврската да поднесете електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** до УЈП најдоцна до 10-ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец, задолжително по истекот на годината, најдоцна до 31 мај наредната година, треба да ја потврдите или коригирате пополнетата годишна даночна пријава.

Како граѓанин на Република Северна Македонија (резидент на Република Северна Македонија) кој остварува доход од земјата и странство вие сте обврзник на данокот на личен доход и доходот кој го остварувате во текот на една календарска година треба да го пријавите во Управата за јавни приходи.

Доколку сте нерезидент кој остварува доход на територијата на Република Северна Македонија, имате обврска да поднесете електронска пресметка преку системот **e-ujp.ujp.gov.mk** за секој од доходот што го остварувате, а за кои не е предвидено плаќање на данок на доход по одбивка.

Доходот кој сте го оствариле во текот на 2024 година, покрај тоа што сте имале обврска одделно да го пријавите и за истиот да платите данок во текот на годината, во рамките на законските рокови, должни сте и збирно да го потврдите во годишната даночна пријава, најдоцна до 31 мај 2025 година.

Задолжително потврдете или коригирајте ги податоците за доходот и платениот данок на личен доход во годишна даночна пријава доколку во текот на 2024 година:

- сте оствариле плата;
- сте оствариле пензија и друг вид на доход;
- исплатен Ви е регрес за годишен одмор;
- сте оствариле доход од продажба на сопствени земјоделски производи;
- сте издавале под закуп (кирија) или подзакуп: станбен или деловен простор, гаража, земјиште, викендица, опрема, превозни средства или друг вид на имот;
- сте склучиле авторски договор, односно сте оствариле доход од авторски права или доход од права од индустриска сопственост;
- ви била исплатена дивиденда или камати по основ на заем исплатен на физичко или правно лице;
- сте оствариле капитална добивка од продажба на учество во капитал (продажба на удел) и недвижен имот;
- сте оствариле добивка од општите игри на среќа во износ поголем од 5.000 денари (од лото, од наградни игри...) или пак сте оствариле добивка од посебни игри на среќа (во казино во обложувалница во автомат клуб) ;
- имате доход од работа остварен од странство за активности поврзани со работењето во Република Северна Македонија;
- работно сте ангажирани во амбасада, мисија на меѓународна организација во РСМ, односно имате доход од работа од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави во РСМ или пак остварувате лични примања кај претставници и службеници на претставништвата кои уживаат дипломатски имунитет; и
- сте оствариле и „друг доход".

## КОГА

### Годишна даночна пријава




*Се можете да заборавите, ама данок не!*
Не заборавајте и не го чекајте последниот момент за да ја исполните вашата граѓанска должност.
Како граѓанин и даночен обврзник за данокот на личен доход, најважниот датум за вас е 31 мај – последниот ден за потврдување на точноста на податоците од пополнетата годишна даночна пријава или коригирање на податоците во годишната даночна пријава.

Годишната даночна пријава можете да ја потврдите почнувајќи од 1 мај, но не подоцна од 31 мај 2025 година.

## КАКО

### Годишна даночна пријава

- √ Годишната даночна пријава потврдете или коригирајте ја на начин опишан во упатството кое е составен дел на пријавата (образец ДЛД-ГДП).
- √ При потврдување или коригирање на податоците во годишната даночна пријава, користете ги податоците од потврдите, пресметките и другите документи кои задолжително треба да ви ги достави исплатувачот на доходот, а во кои се наведени износите на доходот, износот на признаените трошоци и данокот на личен доход кои ви биле платени во текот на 2024 година.
- √ За пријавување на доходот од закуп и подзакуп,, капитални добивки и друг доход на кои аконтацијата на данокот не се плаќа по одбивка користете ги податоците преку системот е-Даночни услуги на УЈП.

## ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ДАНОЧНА ПРИЈАВА

Врз основа на податоците за остварен доход на физички лица во текот на 2024 година, Управата за јавни приходи ги пополнува податоците во годишната даночна пријава и ја доставува до даночните обврзници најдоцна **до 30 април 2025 година**:

Во делот за општи податоци се внесени податоци за даночниот обврзник: единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), име и презиме на обврзникот и адреса на живеење за контакт, телефон и е-пошта, број и датум, даночен период, датум на издавање, рок за потврдување, фолио број и службена исправка.

Во делот за остварен доход, во првата колона е искажан видот на остварениот доход, во втората колона е искажан бруто износот на доходот, во третата колона е искажан вкупниот износ на платени придонеси од задолжително социјално осигурување и признаените трошоци при пресметувањето на аконтациите на данокот на личен доход, во четвртата колона е искажан вкупниот износ на пресметан данокот на доход, а во петтата колона е искажан вкупниот износ на платен данокот на личен доход во текот на даночниот период.

За секој вид на доход пополнети се податоците за остварениот бруто износ на доход, вкупниот износ на платени придонеси и признаените трошоци како и вкупниот износ на пресметаниот и платениот данок на личен доход.

> **Напомена**: Во празните полиња, даночниот обврзник може да изврши **КОРЕКЦИЈА** на податоците, доколку не ги потврдува истите. Даночниот обврзник врши коригирање на податоците во пополнетата годишна даночна пријава доколку смета дека неговите податоци не се совпаѓаат со вкупниот доход, износот на искористените одбитоци и платените аконтации на данокот на личен доход, и истовремено коригираните износи за соодветниот вид на доход ги внесува во празните полиња под податоците пополнети од УЈП.

**1.1) Плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот** - Во ова поле се пополнети податоци за остварените плати и надоместоци на плати и исплати по основ на деловна успешност на работодавачот.

**1.2) Пензии** - Во ова поле се пополнети податоци за примањата остварени во вид на пензии. За корисниците на пензии преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, пресметаниот данок на доход се евидентира како да е платен, согласно член 112 од Законот за данокот на личен доход.

**1.3) Доход од работа** - Во ова поле се пополнети податоци за доход од работа остварен во пари или во некој друг облик (надоместоци на трошоци од работен однос над износите утврдени во членот 12 од Законот и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Закон за работни односи, Општ колективен договор за приватниот сектор на стопанството, гранските колективни договори и прописите на органите на државната управа), користење станбени згради или станови кои се во сопственост на работодавачот или кои работодавачот ги користи по основ на закуп или по друг основ, користење на службени моторни возила или други превозни средства за приватни цели, вклучувајќи и превоз од и до работно место, стекнување со хартии од вредност и учество во капиталот на работодавачот и кај поврзани лица со работодавачот, примања на членови на органите на управување и на органите на надзор во трговските друштва, примањата на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции, примања на судии поротници, вешти лица и стечајни управници кои немаат својство на вработени лица во соодветните институции или друштва, примања на членови на Македонска академија на науките и уметностите, примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги на правни и физички лица, пензиски надоместок од доброволно капитално финансирано осигурување, придонеси во доброволен пензиски фонд уплатени од правно лице или обврзник кој остварува доход од самостојна дејност и надоместокк за практиканска работа согласно Законот за практиканство).

**2) Доход од самостојна дејност** - Во втората колона се пополнети податоци за остварениот нето доход од вршење на самостојна дејност утврден во полето 22 од Даночниот биланс (образец ДЛД-ДБ) на даночниот обврзник ,а за обврзникот кој остварил доход од самостојна дејност, а кој данокот го плаќа според паушално утврден доход се пополнети податоци за износот на вкупниот паушален доход, а во третата колона се пополнети податоци за износот на даночното ослободување согласно членот 28 став 1-5 од Законот,

додека платените придонеси и другите јавни давачки не се искажуваат.

3) **Доход од авторски и сродни права** - Во ова поле се пополнети податоци за надоместоците остварени од авторски и сродни права согласно член 38 од Законот. Во третата колона се пополнети податоци за износите на признаените трошоци согласно член 40 од Законот.

4) **Доход од продажба на сопствени земјоделски производи** - Во втората колона се пополнети податоци за бруто износот на доходот на обврзникот од продажба на сопствени земјоделски производи, а во третата колона се пополнети податоци за износот на признаените трошоци согласно член 44 од Законот.

5) **Доход од права од индустриска сопственост** - Во ова поле се пополнети податоци за доходот остварен од права од индустриска сопственост согласно член 48 од Законот. Во третата колона се пополнети податоци за износите на признаените трошоци согласно член 50 од Законот.

6) **Доход од закуп и подзакуп** - Во ова поле се пополнети податоци за доходот остварен од издавање под закуп или подзакуп на земјиште, станбени и деловни простории, гаражи, простории за одмор и рекреација, опрема, превозни средства и други видови на имот согласно член 51 од Законот, а во третата колона се пополнети податоци за износите на трошоците согласно член 53 од Законот.

7) **Доход од капитал** - Во ова поле се пополнети податоци за дивидендите и друг доход остварен со учество во добивката кај исплатувачот, камати од заеми, камати од хартии од вредност и друг доход од хартии од вредност или финансиски инструменти за кои постои обврска за плаќање на данок, согласно член 55 од Законот.

8) **Капитални добивки** - Во ова поле се пополнети податоци за капиталните добивки остварени во текот на годината од продажба или размена на недвижен имот, хартии од вредност, удели издадени од инвестициски фонд, учество во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот.

   За капиталните добивки од продажба на учество во капиталот и недвижниот имот, во втората колона се пополнети податоци за износот на доходот остварен од продажба на недвижниот имот, хартиите од вредност, уделите издадени од инвестициски фонд, учеството во капиталот, друг подвижен и нематеријален имот како разлика помеѓу продажната цена и набавната цена согласно член 58 од Законот.

   Во третата колона се пополнети податоци за олеснувањата во износи во кои

се одобрени при пресметката на аконтациите на данокот на доход согласно член 60 од Законот.

**9) Добивки од игри на среќа** - Во ова поле се пополнети податоци за остварениот доход во текот на годината од игри на среќа согласно член 64 од Законот.

**10) Доход од осигурување** - во ова поле се пополнети податоци за остварениот доход од осигурување согласно членот 68 од Законот.

**11) Друг доход** - Во ова поле се пополнети податоци за остварениот друг доход на обврзникот согласно членот 71 од Законот.

**12) Вкупно** - Во втората колона се пополнети податоци за збирот на бруто износот за сите видови на доход, во третата колона се пополнети податоци за збирот на вкупниот износ на платени придонеси или износот на признаените трошоци, во четвртата колона се пополнети податоци за збирот на вкупниот износ на пресметаниот данок на доход, а во петтата колона се пополнети податоци за збирот на вкупниот износ на платен данок на личен доход за сите видови на доход.

Во делот **Износ на донирани финансиски средства** се пополнети податоците за износот на донирани финансиски средства од обврзникот (физичко лице) на правно лице според одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Во празното поле даночниот обврзник може да изврши корекција на податоците.

Во делот за **утврден годишен данок на личен доход**, врз основа на податоците со кои располага УЈП се врши утврдување на годишниот данок на личен доход и се пополнуваат податоци за:

1. Вкупен износ на остварен доход,
2. Вкупен износ на одбитоци (платени придонеси и признаени трошоци),
3. Искористено даночно намалување при аконтативно оданочување,
4. Основа за оданочување,
5. Вкупно пресметан годишен данок на личен доход,
6. Даночно ослободување по основ на донации во висина од 20% од годишниот даночен долг, но не повеќе од 24.000 денари,
7. Намалување на данок на личен доход по други основи,
8. Пресметан годишен данок на личен доход за плаќање,

9. Ефективна стапка на данок на личен доход,
10. Вкупен износ на платен данок на личен доход во текот на годината,
11. Разлика за доплата на данокот на личен доход и
12. Повеќе платен данок на личен доход.

Во квадратот пред полето за редниот број 12 го внесувате знакот “x” доколку барате враќање на повеќе платениот данок на личен доход.
По редниот број 12 се дадени полиња кои задолжително ги пополнувате доколку во квадратот пред полето за редниот број 12 сте означиле дека барате враќање на повеќе платениот данок и тоа: Бројот на вашата трансакциска сметка на која треба да се изврши враќањето како и назив на банката

**НАПОМЕНА**: Даночниот обврзник е должен да ја потврди точноста на податоците од пополнетата годишна даночна пријава или да ја коригира пријавата најдоцна до 31 мај 2025 година.

Потврдувањето или коригирањето на податоците во пополнетата Годишната даночна пријава, го вршите со означување на полињата:

1. „**ПОТВРДУВАМ** дека податоците во пополнетата Годишната даночна пријава целосно се совпаѓаат со остварениот вкупен доход, износот на искористените одбитоци и платените аконтации на данокот на доход во наведениот даночен период (календарска година)“ и

2. „ **КОРИГИРАМ** податоци во пополнетата Годишната даночна пријава кои НЕ се совпаѓаат со остварениот вкупен доход, износот на искористените одбитоци и платените аконтации на данокот на доход во наведениот даночен период (календарска година)“.

Доколку даночниот обврзник не ја потврди или коригира пополнетата годишна даночна пријава најдоцна до 31 мај 2025 година, пополнетата годишна даночна пријава се смета за потврдена.

За целите на доставување на пополнетата годишна даночна пријава, даночниот обврзник се регистрира на системот „е-Даночни услуги“.

## ПЛАЌАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ДОХОД

Искажаниот данок на доход во пополнетата годишна даночна пријава се смета за утврдена обврска по која треба да извршите плаќање на разликата за доплата најдоцна до 30 јуни во тековната година за остварениот доход во претходната година.

## ИНФОРМА - ПРАКТИЧНО РЕШЕНИЕ ЗА СИТЕ ДАНОЧНИ ПРАШАЊА

ИНФОРМ@ ви овозможува он-лајн пребарување на најчесто поставуваните даночни прашања и одговори. За да вршите пребарување на бараната даночна информација, односно на категориите на даночни прашања и одговори, користете ја услугата која е достапна преку веб страницата на Контакт центарот на УЈП kontaktcentar.ujp.gov.mk

За сите прашања, можете да не контактирате и преку Инфо центарот на УЈП 0800 33 000 или 02/3253 200, или преку е-пошта: info@ujp.gov.mk

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври” бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу” бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада“ бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври” бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. "Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители” бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара” бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода” 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ” бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax-fl.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4866-62-6